Друштво: **Мермерен Комбинат АД Прилеп**
Период на известување: **01.01 - 30.06**
Година: **2026**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 796.724 | 500.924 | 115 |
| 1а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 14.927 | 9.598 | 64 |
| 1б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 781.797 | 491.326 | 63 |
| 2 | Трошоци на продадени производи и услуги | 370.342 | 231.596 | 63 |
| 3 | **БРУТО ДОБИВКА** | **426.382** | **269.328** | **63** |
| 4 | Административни трошоци | 36.345 | 34.252 | 94 |
| 5 | Трошоци за продажба и маркетинг (дистрибуција) | 49.266 | 30.917 | 63 |
| 6 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 6.779 | 1.190 | 18 |
| 8 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства и останати оперативни расходи | 1.153 | 1.849 | 160 |
| 9 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **346.397** | **203.500** | **59** |
| 10 | Финансиски приходи | 10.993 | 4.069 | 37 |
| 10а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 10.958 | 4.068 | 37 |
| 10б | Останати приходи од финансирање | 35 | 1 | 3 |
| 10в | Удел во добивката на придружените друштва | | | 0 |
| 11 | Финансиски расходи | 10.193 | 1.772 | 17 |
| 11а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 10.148 | 1.771 | 17 |
| 11б | Останати расходи од финансирање | 45 | 1 | 2 |
| 11в | Удел во загубата на придружените друштва | | | 0 |
| 12 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **347.197** | **205.797** | **59** |
| 13 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | | | 0 |
| 14 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **347.197** | **205.797** | **59** |
| 15 | Данок од добивка | -36.532 | -22.407 | 0 |
| 16 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **310.665** | **183.390** | **59** |
| 17 | Малцински интерес | | | 0 |
| 18 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **310.665** | **183.390** | **59** |
| 19 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | | | 0 |
| 20 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **310.665** | **183.390** | **59** |

## Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 796.724 | 500.924 | 63 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 6.779 | 1.190 | 18 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 2.567 | 148.899 | 5.801 |
| 4 | Набавна вредност на трговски стоки | | 1.626 | 0 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 137.357 | 148.755 | 108 |
| 6 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | | 286 | 0 |
| 7 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 53.536 | 37.312 | 70 |
| 8 | Останати трошоци од работењето | 54.278 | 40.730 | 75 |
| 9 | Трошоци за вработените | 146.021 | 153.298 | 105 |
| 10 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 67.308 | 63.648 | 95 |
| 11 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | | | 0 |
| 12 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 1 | 1 | 100 |
| 13 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 14 | Останати расходи од работењето | 1.172 | 1.857 | 158 |
| 15 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **346.397** | **203.500** | **59** |

Согласно член 40 став (4) од Правилата за котација, **МЕРМЕРЕН Комбинат АД Прилеп (“Друштвото”)**, заедно со неревидираните и неконсолидирани финансиски извештаи за периодот 01.01. до 30.06.2026 година, објавува и

**Образложение**

кон резултатите за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2026 година

а) Промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

б) Друштвото за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2026 година оствари приходи од продажба во износ од 500.924 илјади денари што претставува намалување за 37% споредено со истиот период од минатата година.

| **приходи од продажба** | **2026** | | **2025** | | **промена** |
|---|---|---|---|---|---|
| - странски пазари | 491.326 | 98,08% | 781.797 | 98,13% | -37.2% |
| - домашен пазар | 9.598 | 1,92% | 14.927 | 1,87% | -35.8% |
| | **500.924** | **100,00%** | **796.724** | **100,00%** | **-37.2%** |

| **приходи од продажба** | **2026** | | **2025** | | **промена** |
|---|---|---|---|---|---|
| - рудник | 499.964 | 99,81% | 768.818 | 96,50% | -35.0% |
| - фабрика | 247 | 0,05% | 27.289 | 3,43% | -99.0% |
| - фотоволтаици | 713 | 0,14% | 617 | 0,08% | 16.0% |
| | **500.924** | **100,00%** | **796.724** | **100,00%** | **-37.2%** |

Намалувањето на обемот на продажба е директна последица на неповолните геополитички и глобални макроекономски случувања кои значително ги нарушија клучните пазари на кои настапува Компанијата. Најголемиот дел од намалувањето на приходите на странските пазари произлегува од значително намалените нарачки од страна на купувачите од Кина, поради застојот во градежниот сектор во Кина и намалена инвестициска активност. Воениот конфликт во Заливот дополнително го оптовари кинеското стопанство преку скокот на цените на енергенсите што доведе до одложување на финансирањето на поголемите инфраструктурни и комерцијални проекти за развој.

Падот на приходите од продажба на производите од фабриката е директно поврзан со недостатокот на големи, активни градежни проекти во регионот и на меѓународните пазари. Во услови на намалени барања за финални плочи и

специфични димензии за проекти, фабриката оствари минимален пласман во овој период.

Остварената оперативна добивка за периодот е во износ од 203.500 илјади денари, што споредено со остварената оперативна добивка за истиот период во 2025 година во износ од 346.397 илјади денари претставува намалување за 41%.

EBITDA за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2026 година изнесува 267.148 илјади денари, а наспроти остварениот износ од 413.706 илјади денари во истиот период од минатата година покажува намалување за 36%.

Крајниот резултат по оданочување е позитивен и изнесува 183.390 илјади денари и претставува намалување од 41% споредено со остварената добивка за истиот период од минатата година (30 јуни 2025: 310.665 илјади денари).

в) Оперативните расходи за периодот се пониски за 3% во однос на остварените во истиот период од минатата година.

Од оперативните трошоци најголем дел отпаѓа на трошоците за вработени, кои во периодот покажуваат зголемување од 5% споредено со истиот период минатата година. Зголемување од 8% е евидентирано кај трошоците за енергија, суровини и материјали, кои се втор најголем трошок за Друштвото.

Евидентирано е намалување на трошоците за надворешни услуги за 30%.

г) Согласно со Одлуката од Собрание на акционери број 02-2380/5 од 28 мај 2026 година, дел од добивката од 2025 година во износ од 461.187 илјади денари се распределува за исплата на дивиденди. Бруто-дивидендата по обична акција беше утврдена на 1,60 евра.

Во периодот заклучно со 30 јуни 2026 година Друштвото исплати дивиденди на своите малцински акционери во вкупен нето износ од 44.370 илјади денари и 4.926 илјади денари данок на исплатени дивиденди.

д) Нема значителни вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).

ѓ) Вкупните кредитните задолжувања на Друштвото со состојба на 30 јуни 2026 година изнесуваат 1.122 илјади денари и во периодот од јануари до јуни 2026 година

бележат намалување од 25% во однос на состојбата во последните годишни ревидирани финансиски извештаи, како резултат на редовна отплата на обврски по финансиски лизинг.

е) Во согласност со барањата за котација на берзата, Мермерен Комбинат АД Прилеп нема обврска да објавува официјален финансиски план. Соодветно на тоа, Друштвото не дава коментари во врска со исполнувањето на таквите проекции.

Раководството на Компанијата активно работи на одржување на стабилноста и подготвеноста во следниот период преку следниве чекори:

- Будно ги следиме движењата и промените на кинескиот пазар како наш клучен стратешки фокус, со цел брзо прилагодување на деловните активности и динаминаката на испорака согласно неговото закрепнување.
- Продолжуваме со оптимизација и намалување на оперативните расходи (како што е веќе реализираното намалување на трошоците за надворешни услуги за 30%).
- Одржуваме ниско ниво на задолженост и висока ликвидност, што обезбедува стабилност и отпорност на Компанијата во услови на глобални предизвици.

Прилеп, 31.07.2026 година